РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-68/2
20.10.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

За спроведување на јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, изработена од Друштво за архитектонски услуги „АРТИГО" ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце опфаќа дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце.

Вкупната граница на опфатот зафаќа површина од 18 979,45 м2.

Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 18 979,45 м2.

Со овој урбанистички проект се планира изградба на 10 (десет) објекти со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 (една) градежна парцела со следната основна класа на намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување.

ЈАВЕН УВИД

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, со тех.број 02-03/2025 од октомври 2025 година, изработена од Друштво за архитектонски услуги „АРТИГО" ДООЕЛ Скопје, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 21.10.2025 год. до 04.11.2025 год., за кое време можат да се достават евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник
Борче Спасовски